До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање, со кое се бара мислење дали согласно Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси постои судир на интереси во ситуација кога за иста постапка учествува лице, вработено во ЈУ МЦСР Берово како единствен стручен работник – правник и нејзината сестра која е јавен обвинител надлежен за постапките за гонење на предмети на подрачјето на Берово. Имено, се работи за застапување на лицето на суд во име на Центарот, а поготово со предмети со семејно насилство, каде и истите предмети некогаш завршуваат со кривично гонење од страна на јавен обвинител.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го утврдува значењето на поимот „судир на интереси": Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.
Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице" се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор."
Со член 72 став (1) и (2) од истиот Закон е регулирано како секое службено лице треба да постапува во ситуација кога ќе се најде во состојба на судир на интереси:
Член 72 став (1) и (2)
„(1) Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.
(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен."
Со член 73 од истиот Закон е предвидено пријавување на состојба на судир на интереси од страна на службените лица:
„(1) Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави

постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.
(2) Органот или телото на чија седница лицето од ставот (1) на овој член го соопштил постоењето на приватен интерес, е должно тоа да го констатира и внесе во записник.
(3) Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со овој закон."
Член 75 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го предвидува изземањето на службените лица при постоење на судир на интереси или потенцијален судир на интереси:
„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.
(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси."

Државната комисија е на став дека настанува состојба на судир на интереси доколку во некоја постапка учествува лицето, вработена во ЈУ МЦСР Берово како единствен стручен работник – правник, а од друга страна нејзино блиско лице (сестра) би постапувало во истата постапка како јавен обвинител.

Имено, двете лица од дописот како службени лица треба да внимаваат на сите ситуации кои може да ги доведе до состојба на судир на интереси или потенцијален судир на интереси, да го пријават приватниот интерес, да се изземат и да запрат со своето постапување во согласност со горецитираните одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**